Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Јуни

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовен јазик во пластичното обликување и градење: (тридимензионална форма, простор, текстура, детаљи, движење, ритам, насока, споменик (скулптура, биста, фонтана, фигура), макета, композиција, детаљ, целина, текстура) | Забележува облици, детаљи, текстури, линии кај уметнички дела и ги опишува користејќи го ликовниот јазик. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците ги набројуваат подлогите, средствата, материјалите, техниките и постапките за пластично обликување и градење: (пластелин, брашно, тесто, глина, песок, снег, стиропор, пластика, амбалажа, алуминиумска фолија, плодови, предмети со различни облици и други дидактички материјали, геометриски форми, плодови, длабење, гребење, перфорирање, каширање...)<br>Кои тродимензионални форми ги обликувавме? (дрво, дрворед, човечки фигури, слон, глушец, робот...)<br>Кои ликовни елементи ги користевме при обликувањето и градењето? (простор, текстура, детаљ, движење, ритам, насока, композиција ...). Учениците се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците преку интернет се запознаваат со дела на познати автори за да ги увидат скулпторските решенија и на нив забележува облици, детаљи, текстури, линии...<br>Учениците се поделени во три групи и секоја група истражува за одредено дело од познат автор.<br>Прва група: Микеланџело: Лоренцо Медичи<br>- Каков вид ликовно дело е прикажаното дело?<br>- Од каков материјал е изработено?<br>- Дали уметникот претставил текстура?<br>- Истражувај: Дали уметникот создавал само скулптури или пак бил и сликар и архитект?<br>Втора група: Арман Фернандез: Бокали<br>- Што употребил уметникот за да го создаде ова уметничко дело?<br>- Дали постои ритам?<br>- Истражувај: Како се нарекуваат уметничките дела кои се создаваат со спојување на употребени предмети? (асамблаж) | комјутер<br>проектор<br>хамер во боја<br>маркери | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (пластично обликување и градење);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |



Микеланџело: Лоренцо Медичи



Арман: Бокали

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Трета група: Алберто Џакомети: Мачка<br>- Кои ликовни елементи ги потребил уметникот во<br>- оваа скулптура?<br>- Какви чувстав побудува скулптурата кај вас?<br>- Дали реално е прикажано животното?<br>- Истражувај за делата на Алберто Џакомети<br>(25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Групите ги презентираат резултатите од спроведените истражувања. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Која активност ви беше најинтересна? Што научивте?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 минути) | Алберто Џакомети: Мачка<br> | | |



resursi.literatura.mk

Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Јуни

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Подлоги, средства, техники и материјали за сликање: (темперни бои, водени бои, туш во боја, четки, пастел, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали, колаж/микс медија...) | Применува разновидни техники и постапки во сликањето (капење, гребење, прскање, колаж/микс медија и сл.).<br>Комбинира материјали, средства, техники и постапки и создава слика | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>На клупата се изложени различни средства и материјали за сликање (темперни боици, водени боици, туш во боја, четки, пастел, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали, колаж/микс медија). Учениците ги разгледуваат и дискутираат за средствата и материјалите за сликање. Се запознаваат со целта (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Наставникот поведува разговор за Сонцето (место на изгревање и место на заоѓање) преку гледање фотографии и уметнички слики.<br><br>Изгрејсонце<br><br>Зајдисонце<br><br><br>Потоа поттикнува дискусија за бојата, за просторот и за хармонијата на бојата. Бојата ја среќаваме насекаде околу нас, таа ги обојува во прекрасни бои нештата кои нè опкружуваат. Просторот се претставува на сликата. Како простор се именува сето она низ кое се движиме ние, птиците, возилата... Хармонија на бојата значи | клупа<br>средства и материјали за сликање (темперни боици, водени боици, туш во боја, четки, пастел, палета, хартија во боја, природни и вештачки материјали, колаж/микс медија)<br>четка за заби, сунѓер, жица за садови, чепкалка за заби, чепкалка за уши | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (сликање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | користење слични бои.<br>Учениците добиваат насока да користат темперни боици, водени боици или туш во боја при создавање на ликовната композиција „Изгрејсонце/зајдисонце“. Учениците се насочуваат при ликовното изразување да применуваат разновидни техники и постапки (капење, гребење, прскање и сл.). Наставникот објаснува дека со помош на четка за боење може да растворат боја со вода и директно да направат **капење** на белиот лист, притоа да биде запазен дадениот мотив. Капењето на белиот лист може да го направат со четка натопена во боја, со четка натопена во туш и сл.<br>Учениците добиваат насока како со помош на четка за заби, сунѓер, жица за садови, чепкалка за заби, чепкалка за уши да направат **гребење** на претходно нанесена темперна боица на белиот лист.<br>Учениците се насочуваат како со употреба на темперна боица (претходно растворена во вода) и четка за боење да ја применат постапката во сликање – **прскање**. За да се направи постапката прскање, може да се употреби туш во боја со директно прскање на листот.<br>Учениците сликаат на мотив „Изгрејсонце/Зајдисонце“, со молив и темпера/ гваж, користејќи боја, простор, хармонија во боја. При тоа комбинираат различни техники и постапки на сликање. (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ги изложуваат цртежите, ги разгледуваат и анализираат истите во однос на средствата и материјалите за сликање (темперни боици, водени боици, туш во боја). (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Која активност ви беше најинтересна?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во сликањето: (примарни и секундарни бои, ладни и топли бои, спектар на бои, ликовна композиција, оригинална творба, репродукција, контрасни бои, ахроматски бои, тонска градација, фантазија, ликовна изложба, ателје, декорација) | Прави естетска проценка на оригинални дела и декорира различни предмети со сликање.<br>Користи компјутер при сликањето. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Сакам да бидам ликовен уметник! Што треба да правам?<br>Учениците се вклучуваат во разговорот по поставеното прашање.<br>Кои ликовни уметници ги знаете? (Ван Гог, Пикасо ...)<br>Дали знаете некои познати ликовни дела? (Ѕвездена ноќ, Мона Лиза...). Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците се поделени во две групи.<br>Првата група прави естетска проценка на оригинални дела (рангира слики според сопствена естетска вредност).<br>Секогаш кога набљудувате ликовно дело треба да се запрашате:<br>- Кој е мотивот или темата?<br>- Кои материјали се употребени?<br>- Што зборуваат или порачуваат делата?<br>Наставникот им покажува неколку слики од познати ликовни уметници, а учениците прават естетска проценка.<br><br>Ѕвездена ноќ – Ван Гог<br><br>Поле со афиони – Лазар Личеноски<br><br>Мртва природа - Пикасо<br>Другата група, декорира предмети со сликање:<br>Учениците декорираат некомплетна слика за да добијат ликовна целина со одредена естетска вредност.<br>Учениците декорираат некомплетна слика на комјутер за да добијат ликовна целина) (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:** | комјутер<br>проектор<br>средства и материјали за сликање (темперни боици, водени боици, туш во боја, четки, пастел, палета) | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (сликање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците од групите ги презентираат резултатите од активностите. Првата група го презентира рангирањето на сликите давајќи образложение за рангирањето, втората група ги презентира комплетираните слики. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Која активност ви беше најинтересна?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk